Food and Agriculture Organization of the United Nations

Република Северна Македонија
Влада на Република Северна Македонија

# Северна Македонија и Зелениот климатски фонд Проектен билтен

Јули 2019, број # 3



©FAO/Isaac Kasamani

## Краток преглед на проектот

Проектот “Поддршка за управување со ефективен национален координативен механизам за Зелениот климатски фонд” е прв проект на Република Северна Македонија од Програмата за подготвеност и подготвителна поддршка на Зелениот климатски фонд (ЗКФ). Го спроведува Организацијата за храна и земјоделство при ООН (ФАО) под раководство на Кабинетот на Заменик на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, како Национален назначен орган (ННО) за Зелениот Климатски Фонд.

Проектот се фокусира на зајакнување на институционалните капацитети на ННО со цел ефективно да ги исполнува своите улоги и одговорности поврзани со ЗКФ. Проектот ќе помогне да се креираат потребните партиципативни процеси за вклучување на сите засегнатите страни на национално ниво, како и да се започне со подготовка на Национална Програма за ЗКФ усогласена со националните приоритети за адаптација кон и ублажување на климатските промени, со Целите за одржлив развој и со инвестициските критериуми на Зелениот Климатски Фонд.

Проектот ги следи водечките принципи на ЗКФ за прашањата за родова еднаквост и вклученост на малцинствата и ранливите групи, осигурувајќи дека оваа перспектива е приоритет во агендата на проектот.



© FAO

Втор национален консултативен настан, Маврово

## Во фокусот овој месец:

Во текот на месец јули 2019 година, ННО и проектниот тим на ФАО ги продолжија националните консултации со засегнати чинители со цел понатамошно развивање на процедурите за проценка на предлозите за ангажман на Северна Македонија со ЗКФ, поточно:

- Координативен механизам за ЗКФ,
- Постапка за приоритизација на идеи за проекти/програми за финансирање преку ЗКФ,
- Процедура “Без - приговор” за одобрување од страна на ННО на развиени предлози кои би се поднеле на разгледување до ЗКФ и
- Процедури за следење, мониторирање и насочување на климатските финансии во земјата од јавни, приватни и меѓународни извори.

Развој на веб-страницата на ННО како клучна комуникациска алатка за споделување на знаење и информации за активностите во Северна Македонија поврзани со ЗКФ, исто така, беше во фокусот во месец јули.

## Неодамнешни активности

### Прва дискусија на фокус група за процедурите за следење, мониторирање и насочување на климатските финансии во Република Северна Македонија

На 10 јули во Скопје, ННО и проектниот тим на ФАО одржаа работилница со релевантни претставници од Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за финансии, Министерството за локална самоуправа, Секретаријатот за европски прашања, Развојната банка на Северна Македонија, Македонска банкарска асоцијација, како и проектниот тим кој работи на изготвување на Закон и стратегија за климатски промени – со цел да го зајакнат нивното знаење за мониторинг на климатски финансии, што е неопходно за да се осигури дека иницијативите финансирани преку ЗКФ ќе бидат комплементарни со другите текови на финансии поврзани со клима во земјата.

Учесниците дадоа забелешки и предлози за нацрт опциите за воспоставување на процедурата и системот за мониторинг на климатските инвестиции во Република Северна Македонија финансирани од јавни, приватни и меѓународни извори.

Учесниците беа запознаени со меѓународни искуства и најдобри практики за мониторинг на климатско финансирање според Рамковната конвенција на ОН за климатски промени, Парискиот договор и други меѓународни методологии што можат да се применат во Република Северна Македонија.




Прва дискусија на фокус група, Скопје

## Работилница за калибрација на механизмот за приоритизација и координација за Зелен климатски фонд




Работилница за калибрација и приоритизација за ЗКФ, Маврово

Како подготовка за втората консултативна средба со засегнатите страни, ННО и проектниот тим на ФАО реализираа работилница на 11 јули во Маврово со специфична цел подетално да се дискутира предложениот национален координативен механизам за ЗКФ и да се тестира на вистински случај предлог механизмот и критериумите за приоретизација на климатските инвестиции кои би се финансирале преку ЗКФ.

Преку практична работа и примери, двата тима разговараа и за процедурата „Без-приговор", која е во фаза на развој, како услов за одобрување на сите проектни предлози кои бараат финансирање преку ЗКФ.

Националната процедура „Без-приговор" за ЗКФ проекти се предлага да ја спроведува ННО, со техничка помош од Стратешкиот советодавен комитет на ННО и секторските ад-хок групи, вклучително и релевантни владини институции чија експертиза е потребна за темелна проценка на предлозите. Оваа процедура има за цел да осигури дека финансирањето преку ЗКФ ќе биде транспарентно, во согласност со националните климатски приоритети, стратегии, планови, закони и регулативи, потекнува од земјата, е ефикасно и ги вкучува сите.

## Втор национален консултативен настан во рамки на Програмата за подготвеност и подготвителна поддршка на ЗКФ

На 12 и 13 јули 2019 година се одржа вториот национален консултативен настан во Маврово. Педесет (50) претставници од 25 институции (од кои 64% беа жени), вклучително ННО, министерства, владини агенции, меѓународни организации, академија и граѓански организации беа консултирани за тековниот развој на клучните почетни елементи за воспоставување стратешки ангажман на Северна Македонија со ЗКФ, и тоа:

- Предложениот национален координативен механизам за ЗКФ активности во земјата;
- Механизмот и критериумите за приоретизирање на развиените предлог-проекти во Северна Македонија што треба да се доставаат за финансирање до ЗКФ;
- Процедурата „Без-приговор" за предлог-проекти за ЗКФ.

Се дискутираше и на теми за можниот иден правен статус на ННО, составот на ННО-Стратешкиот советодавен комитет, видовите и нивоата на оценување во текот на процесот на приоритизација на проекти за финансирање преку ЗКФ.




Втор национален консултативен настан, Маврово

## Претстојни настани

**23 август 2019, Велес** - Втора дискусија на фокус група за предлог процедурите за следење, мониторирање и насочување на климатски финансии во Република Северна Македонија

**24 август 2019, Велес** - Втора работилница за калибрација на механизмот за приоритизација и координација за Зелениот климатски фонд

**25 август 2019, Велес** - Обука за ННО за процедурата "Без-приговор" за проекти кои би аплицирале за финансирање преку ЗКФ

## КОНТАКТ

Кабинет на Заменик на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори – Национален назначен орган за Зелениот климатски фонд
- daniel.josifovski@gs.gov.mk
- olimpija.zaevska@vlada.gov.mk

Организација за храна и земјоделство при ООН (ФАО)
Партнер за имплементација
- Carmen.arguellolopez@fao.org
- Igor.Slavkoski@fao.org

## СПОДЕЛЕТЕ И ЗАЧЛЕНЕТЕ СЕ

Доколку не сакате да го добивате овој билтен, ве молиме испратете е-маил на: FAO-MK@fao.org

Some rights reserved. This work is available under a CC BY-NC-SA 3.0 IGO licence

©FAO, 2019
CA5788MK/1/09.19